Universiteti i Tetovës - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет во Тетово - Република Северна Македонија
Nr.-Бр. 02-1607/1
08.06 23 год.



UNIVERSITETI I TETOVËS
УНИВЕРЗИТЕТ ВО ТЕТОВО
UNIVERSITY OF TETOVO

Врз основа на членовите 100 – 107 од Статутот на Универзитетот во Тетово, Универзитетската изборна комисија за избор на ректор на Универзитетот во Тетово, го донесе следново

# УПАТСТВО

**за избор на ректор на Универзитетот во Тетово, за мандатен период од 2023 – 2026 г.**

## I. Постапката за избор на ректор

(1) Постапката за избор на ректор ја поведува Сенатот на Универзитетот, на предлог на Ректорската управа.

(2) Постапката за избор на ректор ја спроведува Универзитетска изборна комисија (во понатамошниот текст: УИК), која донесува упатство за целокупната постапка за избор на ректор.

(3) Врз основа на одлуката на Сенатот на Универзитетот се објавува јавен оглас за избор на ректор.

(4) Огласот за избор на ректор се објавува јавно од страна на Сенатот на Универзитетот.

(5) Кандидатите за избор на ректор поднесуваат пријава до Универзитетската изборна комисија во рок определен со јавниот оглас, која задолжително ги содржи следниве компоненти:

- програма за работа за период од три години;
- биографски податоци и компетенции утврдени со критериумите за избор.

(6) Ректорот се избира од редот на редовните професори на слободни, непосредни и тајни избори од страна на членовите на наставно-научните совети на единиците.

(7) Постапката за избор на ректор треба да заврши во согласнок со Роковникот кој го донесува Универзитетската изборна комисија.

## II. Критериуми за избор на ректор

II.1. Задолжителни критериуми за избор на ректор се:

1) Да е државјанин на Република Северна Македонија
2) Да е од редот на редовните професори

Компетенции за вршење на функцијата ректор:

- управување со процесите во високото образование.
- развивање на автономен, модерен и ефикасен универзитет, кој ја гарантира интелектуалната слобода на наставниот кадар, како и творечката природа на истражувачкиот, наставно-образовниот и едукативниот процес, заснован на искуствата, традицијата на универзитетите во РСМ, како и европските стандарди за квалитетно високо образование.
- за реформиран и модерен универзитет според утврдените стандарди во Република С. Македонија, во регионот како и според европските универзитетски стандарди.
- заложби за афирмација на науката, културата, книжевното и уметничкото творештво во РСМ и пошироко во регионот.
- стратешкиот и развојниот аспект на Универзитетот и високото образование.
- за развивање на демократските принципи, вредностите на хуман и социјално-продуктивен живот, економската благосостојба, напредок на поединецот и академската заедница во целина.

II.2. Критериумите се составен дел на јавниот оглас.

## III. Работа на Универзитетската изборна комисија

(1) УИК ја формира Сенатот на Универзитетот и е составена од седум сенатори, избрани со јавно гласање.

(2) УИК ги врши следниве работи:

1) донесува упатство со кое се утврдува: нејзината работа и работата на изборните комисии на единиците, начинот на гласање и пребројување на гласовите, резултатот од гласањето, рокот, начинот на комуникација и доставување документација, акти, известувања, записници и сл., чување и увид во изборната документација и за други прашања поврзани со постапката за спроведување на гласањето и утврдување на резултатите од гласањето;

2) УИК од своите членови избира претседател и заменик-претседател. Изборот на претседател се врши на конститутивната седница. До изборот на претседател со седницата претседава највозрасниот член;
3) утврдува рокови во кои треба да се формираат изборните комисии на единиците;
4) именува членови на изборна комисија доколку единицата во утврдениот рок не формира изборна комисија;
5) дава задолжителни инструкции до изборните комисии на нивно барање или по сопствено наоѓање;
6) утврдува временска рамка за спроведување на потребните дејствија за избор на ректор;
7) го одредува денот на гласање;
8) ја цени исполнетоста на условите за избор на ректор и уредноста на пријавата.
9) ја утврдува конечната листа за кандидати за избор на ректор;
10) ги утврдува обрасците на гласачките ливчиња и на записникот за резултатите од гласањето за избор на ректор на единиците на Универзитетот;
11) го утврдува образецот на записникот за резултатите од гласањето на единицата и за крајниот резултат;
12) одлучува по приговори во согласност со Статутот на Универзитетот;
13) врз основа на резултатите од гласањето го прогласува избраниот кандидат за ректор;
14) ги сумира резултатите од гласањето за избор на ректор и јавно ја објавува одлуката за избраниот кандидат.

(3) Секој кандидат за ректор може да овласти набљудувачи на работата на УИК.

(4) Сите административно-технички дејствија се остваруваат преку Централната стручна и административна служба на Ректоратот.

### III.1. Седници на УИК

1) Седниците ги свикува и со нив претседава претседателот на УИК.
2) Претседателот е должен да закаже седница на УИК секогаш кога е тоа определено со роковникот на активностите за избор на ректор (в. прилог), како и по укажана потреба.
3) УИК од своите членови определува записничар.
4) За полноважно одлучување, потребно е присуството на најмалку 4 (четири) членови на УИК.
5) УИК одлуките ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на неговите членови.
6) Седниците може да се свикаат електронски и/или по телефон.

7) За работата на УИК се води записник што го потпишуваат претседателот на УИК и записничарот. Записникот се усвојува на првата наредна седница.
8) На седниците на УИК присуствува и генералниот секретар (без право на одлучување).

9) УИК има електронско сандаче. Електронското сандаче го користат сите членови на УИК.
10) Седниците на УИК се одржуваат во просториите на Ректоратот.

## IV. Работа на изборните комисии на единиците

(1) Изборните комисии на единиците (во понатамошниот текст: ИКЕ) ги формираат наставно-научните совети и се составени од 5 (пет) члена од членовите на наставно-научните, односно научните совети.
(2) Членовите на ИКЕ се избираат со јавно гласање, освен ако наставно-научните совети не одлучат да се избира со тајно гласање во согласност со закон.
(3) ИКЕ го спроведуваат гласањето за избор на ректор врз основа на Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот.
(4) Поблиски одредби за работата на ИКЕ се утврдуваат со актот за нивното формирање.

### IV.1. Седници на ИКЕ

(1) ИКЕ работат на седници.
(2) ИКЕ од своите членови избира претседател. Него го заменува лице, определено од ИКЕ.
(3) Седниците ги свикува и со нив претседава претседателот на ИКЕ.
(4) Претседателот е должен да закаже седница на ИКЕ, секогаш кога е тоа определено со роковникот на активностите за избор на ректор (в. прилог), како и по укажана потреба.
(5) На седниците на ИКЕ присуствува и секретарот на единицата (без право на одлучување).
(6) За полноважно одлучување е потребно присуството на најмалку 3 (тројца) членови на ИКЕ.
(7) ИКЕ одлуките ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на неговите членови.
(8) Седниците може да се свикаат електронски и/или по телефон.
(9) За работата на ИКЕ се води записник што го потпишува претседателот на ИКЕ и записничарот. Записникот го води секретарот. Записникот се усвојува на првата наредна седница.
(10) Седниците на ИКЕ се одржуваат во просториите на единицата.

## V. Поднесување пријави за избор на ректор

(1) Пријавите за избор на ректор од страна на кандидатите се поднесуваат до УИК во рок определен со јавниот оглас.
(2) УИК ја утврдува листата на кандидатите кои доставиле комплетна документација утврдена со јавниот оглас.
(3) За оние кандидати кои не доставиле комплетна документација во согласност со објавениот оглас за избор на ректор, УИК донесува решение за одбивање и тоа се доставува до одбиените кандидати.
(4) Одбиените кандидати имаат право на приговор до УИК во рок од 3 (три) дена од приемот на решението од претходниот став.
(5) УИК одлучува по приговорот од претходниот став во рок од 3 (три) дена.
(6) Решението на УИК по приговорот е конечно. Решението од овој став се доставува до кандидатот кој го поднел приговорот.
(7) УИК ја утврдува конечната листа на кандидати за избор на ректор.

## VI. Избирачки материјал

(1) Избирачкиот материјал го претставуваат: избирачката листа на кандидати, избирачкиот список, гласачките ливчиња, записниците, извештаите и ознаката за гласачкото место.
(2) Наставно-научниот совет (во понатамошниот текст: ННС) и ИКЕ доставуваат до УИК податоци за членови на ННС, наредени по редослед по звање. Членовите на ННС го претставуваат избирачкиот список. Избирачкиот список на единицата го потпишува претседателот на ИКЕ и деканот на ННС и се доставува до УИК.
(3) Утврдениот конечен избирачки список на членови на ННС, го потпишува и претседателот на УИК, при што УИК го доставува до ИКЕ на Универзитетот, заедно со избирачкиот материјал, а еден примерок останува кај УИК.
(4) УИК ја утрдува конечната листа на кандидати за избор на ректор и по азбучен ред ја доставува до ИКЕ.
(5) УИК ја утврдува содржината и изгледот на гласачките ливчиња.
(6) Бројот на гласачките ливчиња за секоја единица се утврдува врз основа на бројот на членовите на ННС утврдени со акт на деканот, односно директорот на единицата.

(7) Гласачките ливчиња се оверени и еднобразни за сите единици на Универзитетот.

(8) УИК гласачките ливчиња записнички ги предава на ИКЕ.
(9) Доставувањето на избирачкиот материјал се врши на тој начин што ИКЕ од УИК записнички ги подигаат изборните материјали во согласност со Роковникот.

## VII. Овластени набљудубачи

(1) Доколку кандидатот за ректор овласти набљудувач, доставува едно писмено известување до УИК за сопствените набљудувачи во УИК и во ИКЕ на секоја единица. УИК го препраќа известувањето до ИКЕ. Набљудувачот ја потврдува својата улога со потврдата за овластен набљудувач и се легитимира со документ за лична идентификација.
(2) Набљудувачите имаат право на увид во изборниот материјал и во другата документација, поврзана со изборниот процес, како и да присуствуваат на гласањето, при броењето на гласовите и при утврдувањето на резултатите од гласањето и примопредавањето на изборниот материјал.

## VIII. Начин на гласање

(1) Гласањето за ректор се спроведува во ист ден утврден од УИК во периодот од 12 до 14 часот на сите единици на Универзитетот.
(2) Гласањето на наставно-научните, односно научните совети на единиците е тајно.
(3) Гласањето се спроведува во просторија на единицата која е определена за таа цел и е видливо означена. На влезот на просторијата потребно е да има известување дека во неа се врши гласањето.
(4) Доколку во периодот на изборот на ректор не се завршени мерките за справување со епидемиолошка состојба, предизвикана од пандемијата на COVID-19, ИКЕ е обврзана да го уреди просторот за гласање во просторијата, обезбедувајќи физичка оддалеченост на членовите на ИКЕ и на гласачите не помала од 2 метра. Членовите на ИКЕ треба седат во ист ред, а пред нив на растојание од најмалку 2 метри на висина од околу 80 см треба да биде поставена гласачката кутија. Зад гласачката кутија, на растојание од најмалку 2 метри од неа, е поставен параван што овозможува тајност на гласањето. Лево или десно од гласачката кутија треба да се обезбеди место за овластените набљудувачи, определени од страна на кандидатите за ректор. Растојанието меѓу присутните, исто така, треба да е во согласност со мерките на надлежните органи во врска со состојбата COVID-19. ИКЕ ќе ги провери овие услови и ќе состави записник за утврдената состојба на просторијата за гласање, изборниот материјал и за гласачката кутија.

(5) Во ситуација на состојбата од претходниот став, при спроведувањето на гласањето, во просторијата, освен членовите на ИКЕ и овластените набљудувачи, може да има уште најмногу двајца членови на ННС кои гласаат (еден гласа, другиот се подготвува за гласање).

(6) Во екот на гласањето, членот на ННС прво се потпишува во избирачката листа, а потоа го добива гласачкото ливче. Членот на ННС го пополнува зад параванот и го става во гласачката кутија, при што треба веднаш да ја напушти просторијата.

(7) Еден член на наставно-научниот совет, односно научниот совет, на единицата може да гласа само за еден кандидат за избор на ректор.

(8) За важечко гласачко ливче се смета она на кое уредно е заокружен еден кандидат за избор на ректор.

(9) По завршувањето на гласањето ИКЕ го затвора гласачкото место и започнува со пребројувањето на гласовите, во присуство само на овластените набљудувачи. Прво, се констатира колку лица се запишани во избирачкта листа, колку гласале и колку гласачки ливчиња останале неискористени. Потоа, се врши прегледување на искористените гласачки ливчиња, при што, доколку постојат, се одделуваат неважечките од важечките гласачки ливчиња и се утврдува нивниот број.

(10) Потоа, од важечките гласачки ливчиња се утврдува бројот на гласовите што ги добил секој од кандидатите.

## IX. Утврдување на резултатите од гласањето

(11) Изборната комисија на единицата пристапува кон утврдување на резултатите од гласањето, при што освоениот број гласови на секој кандидат на секоја единица посебно се изразува во проценти од вкупниот број важечки гласови на единицата и се множи со бројот на сенаторите кои ги избира единицата, со што се добива бројот на поени што ги освоил секој од кандидатите.

(12) Пресметувањето се врши според следнава формула:

[Број на освоени гласови за секој кандидат на единицата/број на важечки ливчиња на единицата x 100]% x [број на сенатори од единицата] = број на поени што ги освоил кандидатот

Пример:

[10/25 x 100]% x 2 = 80

Резултатот, изразен во поени што ги освоиле кандидатите, се заокружува до три децимали, така што ако првата цифра од броевите што се изоставуваат е 0, 1, 2, 3 или 4, тогаш цифрата пред неа не се менува, а доколку првата цифра од броевите што се изоставуваат е 5, 6, 7, 8 или 9, тогаш цифрата пред неа се зголемува за 1.

Пример:
80.52449236 се заокружува на: 80.524
80.52459236 се заокружува на: 80.525

(13) Прегледот за бројот на сенаторите по единиците е дел од обрасците кон упатството.

(14) Откако ќе ги утврди резултатите од гласањето, ИКЕ составува записник за спроведеното гласање и пополнува извештај.

(15) Резултатите од гласањето (записникот, извештајот и ако има друг изборен материјал) ИКЕ ги доставува до УИК во рок од два часа од завршувањето на гласањето.

(16) Предавањето на резултатите од претходниот став на овој член се врши записнички.

(17) УИК ги сумира резултатите од гласањето на сите единици на Универзитетот, при што за ректор е избран кандидатот кој добил најголем број поени на ниво на Универзитетот, односно чиј збир поени е најголем откако за секој кандидат поединечно ќе се соберат поените кои ги добил на секоја единица посебно.

(18) По добиените резултати од УИК, претседателот на Сенатот објавува дека за ректор е избран кандидатот кој добил најголем број поени на ниво на Универзитетот, односно чиј збир на поени е најголем откако за секој кандидат поединечно се собрани поените кој ги добил избраниот кандидат за секоја единица посебно.

## X. Управување со изборната документација

(1) Изборната и другата документација во надлежност на УИК и ИКЕ соодветно ја потпишуваат нивните претседатели или нивните заменици или лица овластени од УИК и ИКЕ, во согласност со прилог-обрасците на ова упатство.

(2) Изборната документација во врска со постапката за избор на ректор се чува од страна на стручната и административната служба на Ректоратот.

(3) До конечноста на постапката за избор на ректор, увид во изборната документација имаат и кандидатите за ректор.

(4) За да се обезбеди непречена практична реализација на гласањето, УИК ќе изготви унифицирани обрасци што ќе важат за сите единици (гласачки ливчиња, записници, извештаи, ознака за гласачко место и други, доколку е потребно).

## XI. Комуницирање со документацијата и нејзино потпишување и чување

(1) Комуникацијата меѓу членовите на УИК и ИКЕ се одвива електронски преку електронските сандачиња/адреси на УИК и ИКЕ. ИКЕ ги доставуваат електронските адреси до УИК. УИК својата електронска адреса ја истакнува на веб-страницата на Универзитетот. Комуникацијата може да се одвива и по телефон. Двата начина се сметаат за уредна комуникација.

(2) Доставувањето на документацијата и др. (доколку е потребна), освен избирачкиот материјал, меѓу УИК и ИКЕ се одвива електронски.

(3) Комуникацијата меѓу членовите на УИК и кандидатите за ректор се одвива по електронски пат на електронските сандачиња на кандидатите, доставени во пријавата за ректор и електронското сандаче на УИК/ИКЕ и по телефон. Двата начина се сметаат за уредна комуникација.

(4) Доставувањето поднесоци, акти и друга документација меѓу УИК и кандидатите за ректор се одвива по електронски, врз основа на согласност на кандидатот/кандидатите. Документацијата треба да е потпишана и скенирана или потпишана со електронски потпис од овластено лице/лица. УИК и кандидатите за ректор по телефон се известуваат дека соодветниот документ им е пратен преку електронска пошта.

(5) Приемот, предавањето и сл. на изборната документација (записник, извештај, гласачки ливчиња и сл.) се врши непосредно од страна на УИК до ИКЕ и обратно, во Ректоратот на УТ.

(6) При електронското доставување документи како момент на доставување/прием на документот се смета оној момент кога е испратено писменото известувањето.

(7) Изборната и другата документација која се продуцира и комуницира во текот на изборната постапка од страна на УИК и ИКЕ се потпишуваат од

страна на нивните претседатели или нивните заменици или овластени членови од нив.

(8) Изборната документација која ќе произлезе од целокупната изборна постапка се архивира и чува во рамките на стручно-административната служба на Универзитетот.

## XII. Кандидати кои не се избрани

(1) УИК ја доставува одлуката до неизбраните кандидати во рок од 3 (три) дена, сметано од денот на гласањето.

(2) Кандидатите за ректор кои не се избрани, доколку сметаат дека има повреди во спроведената постапка и во утврдените гласови од гласањето од страна на ИКЕ и на УИК, имаат право да поднесат приговор до УИК во рок од 3 (три) дена, сметано од денот на приемот на одлуката.

(3) УИК одлучува по приговорот од претходниот став во рок од 3 (три) дена, сметано од денот на приемот на приговорот.

(4) Доколку УИК прифати приговор на неизбран кандидат за утврдените резултати од гласањето на единица на Универзитетот, гласањето на таа единица се повторува ако изборниот резултат може да има влијание на конечниот резултат.

(5) Одлуката на УИК е конечна.

(6) Против одлуката од ставот 5 на овој член може да се поднесе тужба до Управниот суд.

**Претседател на УИК**

**Проф. д-р Ндерим Зеќири**